


БИЛТЕН

БРОЈ 04/26

09.06.2026 година

Р Е Ф Е Р А Т

за избор на стручен соработник од областа
ДЕТСКА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА (3.05.01.02 Фраскатиева класификација)
на Факултетот за дентална медицина во состав на
Европски универзитет Скопје

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер“ на ден 09.03.2026 година, за избор на стручен соработник од областа „Детска и превентивна стоматологија” (3.05.01.02 - Фраскатиева класификација), Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје, на 237 седница одржана на ден 18.03.2026 година, донесе Одлука бр.02-277/1 за формирање Рецензентска комисија во состав:

- Вон. проф. д-р Емилија Костадиновска - претседател;
- Проф. д-р Оливера Саракинова, член,
- Вон. проф. д-р Ана Белазелковска Грежловска.

По направената анализа на доставените документи Рецензентската комисија има чест и задоволство до Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје да го поднесе следниов:

И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор на стручен соработник од областа „ Детска и превентивна стоматологија” (3.05.01.02 - Фраскатиева класификација) на Факултетот за дентална медицина, во предвидениот рок се пријави само кандидат д-р Дијана Јошева.

Врз основа на доставената Пријава бр.03-269/1 од 12.03.2026 година и приложените документи: Професионална биографија – CV, Уверение за завршен прв и втор циклус интегрирани студии, Доказ за стекнат назив магистер од соодветната област, Доказ за стекнат назив специјалист од соодветната област, Доказ за познавање на странски јазик и Уверение за државјанство, Рецензионата комисија го констатира следното:

Кандидат спец.д-р Дијана Јошева M.Sc.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

1.1. Биографски податоци, школување и начин на усовршување

Д-р Дијана Јошева е родена 15 Јануари 1985 година во Прилеп. Средно образование завршила во ДСМУ „д-р Јован Калаузи”, Битола, отсек забен техничар. Во 2009 година се стекнала со звање дипломиран доктор по стоматологија на

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Стоматолошки факултет Скопје. Во 2010 година се стекнува со основна и работна лиценца. Во 2019 година се стекнува со звањето Магистер на форензички науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Природно математички факултет Скопје. Во 2026 година се стекнува со звањето Специјалист по Детска и превентивна стоматологија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Стоматолошки факултет Скопје.

Секоја година посетува симпозиуми и конгреси од разни области на стоматологијата за континуирана доедукација. Активно се служи со компјутер и тоа: Microsoft office (word, excel, power point), Internet Adobe Photoshop и графичкиот програм - Origin.

Од јазици активно ги познава англискиот јазик, а делумно албанскиот јазик.
Има објавено неколку стручни трудови и активно зема учество на голем број конференции.

1.2. Прегледна анализа на професионалниот развој

Во текот на 2009 и 2010 година волонтира во Стоматолошкиот Клинички Центар Скопје, како дипломиран стоматолог и по завршувањето на задолжителниот едногодишен лекарски стаж, во Ноември 2010 година го положила стручниот испит пред испитната комисија на Стоматолошкиот факултет, Скопје и се стекнува со основна и работна лиценца.

Од 2010 година работи како стоматолог во ПЗУ УСКЦ “проф. д-р Бојо Андрески” – Скопје. и активно учествува во спроведување на предклиничките вежби по предметите Предклиничка фиксна протетика при Факултетот за дентална медицина, ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ.

2020 Вклучена е во Организационен одбор за реализација на on-line Симпозиум со меѓународно учество “Актуелности во стоматологијата ” на Факултетот за дентална медицина, Европски универзитет Скопје и е член .

2021 остварува едукативна посета на универзитетот Акдениз, Анталија – Турција преку Еразмус + програмата - Incoming Academic Staff Training at the Faculty of Dentistry – Akdeniz University, Antalya, Turkey

2021 остварува едукативна посета на универзитетот Бируни, Истамбул – Турција преку Еразмус + програмата – Incoming Academic Staff Training at the Faculty of Dentistry – Biruni University, Istanbul, Turkey.

2023 Вклучена е во Организационен одбор за реализација на Симпозиум со меѓународно учество “ Протоколи во стоматологијата кај лица со посебни потреби” на Факултетот за дентална медицина, Европски универзитет Скопје и е член .

2023- Член на Комисија за подготовка на Елаборат за акредитација на студиска програма: “Дентална медицина” на англиски јазик, интегрирани петгодишни академски студии на I/прв/ и II/втор/ циклус.

2024 Вклучена е во Организационен одбор за реализација на Симпозиум со меѓународно учество “ Грешки и дилеми во секојдневната стоматолошка пракса” на Факултетот за дентална медицина, Европски универзитет Скопје и е член .

2025 Вклучена е во Организационен одбор за реализација на Симпозиум со меѓународно учество "Дијагностика, терапија и биомеханика:Интегративни аспекти во современата стоматологија" на Факултетот за дентална медицина, Европски универзитет Скопје и е член .

2. СЕРТИФИКАТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА НАДОГРАДБА

1. Учество на Меѓународната научна и стручна конференција на тема;" Реформата на Националниот Безбедносен Систем во контекст на НАТО и ЕУ интеграцијата". Скопје, 2019.
2. Criminology and Profiling Course, International Open Academy, 100-274613. June, 2021.
3. Учество во научно-стручна работилница на тема; "Знаењето и талентот – фундамент за успешност". Скопје, 2024.
4. Учество na завршна конференција за проектот HeAlth " Подобрување на пристапноста на здравствените услуги за лицата со аутизам", Скопје, 2025.

3.ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

1. Mimoza Ristova, Dijana Josheva, Zuzana Brozek-Mucha "Dental cementum examination with SEM/EDX for unraveling details along the lifeline to assist identification of a female individual"
   Forensic Science International, Volume 330, January 2022, 111103
2. Доц. д-р Ана Белазелковска, м-р д-р Дијана Јошева "Changes in the oral mucosa and saliva as auxiliary diagnostic tools in forensics"
   International Journal of Science and Art, vol6, no.12, Skopje, 2022
3. м-р д-р Дијана Јошева, Доц. д-р Ана Белазелковска Грежловска, Доц. д-р Емилија Костадиновска, Доц. д-р Мимоза Стаменковска, Доц. д-р Снежана Ивиќ-Колевска, "Примена на форензичка одонтологија при идентификација на жртви во масовни несреќи"
   International Scientific Conference "Science And Art For a Sustianable Society"European University, Skopje, 23 September 2022
4. Доц д-р Емилија Костадиновска, Доц. д-р Маријана Мирческа м-р д-р Дијана Јошева, вон.проф д-р Ана Белазелковска Грежловска,"Употреба на меѓународниот систем за откривање и проценка на кариес ((ICDAS)" International Journal of Science and Art, vol7, no.14, Skopje, 2023
5. Доц д-р Емилија Костадиновска, м-р д-р Дијана Јошева, Проф д-р Ана Белазелковска Грежловска, проф д-р Маја Поп Стефанова Трпоска, проф. Д-р Оливера Саракинова,"Менаџирање на трауматска повреда, интрузија на заб-приказ на случај"
   МОНОГРАФИЈА – ЗНАЕЊЕТО И ТАЛЕНТОТ –ФУНДАМЕНТ ЗА УСПЕШНОСТ,Скопје 2024

6. Проф д-р Ана Белазелковска Грежловска, доц д-р Емилија Костадиновска, м-р д-р Дијана Јошева, "Способноста за критичко расудување и интердисциплинарна соработка-предуслов за успех во стоматологијата" МОНОГРАФИЈА – ЗНАЕЊЕТО И ТАЛЕНТОТ –ФУНДАМЕНТ ЗА УСПЕШНОСТ,Скопје 2024

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложената анализа на биографијата, професионалниот развој и резултатите на стручната, научната и научно-истражувачката работа на спец. д-р Дијана Јошева, M.Sc. се гледа дека кандидатот има определен образовен научен развој и ги исполнува условите барани во конкурсот.

Врз основа на досегашните научни, стручни и педагошки резултати презентирани во нејзините трудови, Рецензентската комисија, со особено задоволство и чест му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје да ја избере спец. д-р Дијана Јошева, M.Sc. како стручен соработник од областа Детска и превентивна стоматологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Вон. проф. д-р Емилија Костадиновска - претседател; _____

2. Проф. д-р Оливера Саракинова, член, _____

3. Вон. проф. д-р Ана Белазелковска Грежловска. _____